Архивски број: 0801-250/2

Датум: 9.9. 2021 година

Постапувајќи по претставката бр. 0801-250/1 од 01.09.2021 година, поднесена од [redacted] од Ѓорче Петров, против Општина Ѓорче Петров – Одделение за инспекциски работи и овластениот градежен инспектор [redacted], за извршена директна дискриминација по неутврден основ, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр. 258/20) на 09.09.2021 година го донесе следниов

**ЗАКЛУЧОК**
**за отфрлање на поднесената претставка поради ненадлежност**

Образложение

На 01.09.2021 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од страна на [redacted], општина Ѓорче Петров, претставуван преку овластен полномошник, адвокат [redacted] од Скопје, за извршена директна дискриминација по неутврден основ на дискриминација во областа домување.

Имено, полномошникот во претставката наведува дека подносителот [redacted] на 08.06.2021 година поднел Пријава до Општина Ѓорче Петров - Сектор за урбанизам, инвестиции и комунални дејности (до надлежен инспектор) за противправна градба утврдена во член 73 став 1 алинеја 10 од Законот за градба – пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.70/2013).

На 14.07.2021 година, Општина Ѓорче Петров – Одделение за инспекциски работи испратила Известие бр.УП1 35-50 од 05.07.2021 до подносителот на Пријавата, во кое овластениот градежен инспектор [redacted] известува дека извршил увид на лице место на посочената адреса и констатирал дека спорната дворна ограда била изведена со прописни димензии и начин на изведба и посочил дека нема основ за продолжување на инспекциската постапка.

Според наводите на полномошникот на подносителот на претставката, видно примeното Известие, овластениот градежен инспектор не постапил во целост, односно не потврдил дали градбата била изведена по претходно донесено Решение за изведување на градба согласно чл.74 од законот за градење-пречистен текст, со што***: извршил директна дискриминација со извршеното неинформирање на странката...во насока на остварување на неговите уставно загарантирани права.***

Согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Сл.весник на РСМ бр.258/20) *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група* ***врз еднаква основа со други.***
Членот 5 од истиот закон ги дефинира дискриминаторските основи: *раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на*

*маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус или која било друга основа.*

Согласно наводите содржани во претставката, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација смета дека во конкретниов случај не станува збор за дискриминаторска активност, туку за можни евентуални повреди на Законот за градба или Законот за општа управна постапка.

*Согласно член 40, став 6 од Законот за општата управна постапка јавниот орган кој ќе утврди дека не е надлежен за работа по примен поднесок, а не може да утврди кој јавен орган е надлежен ќе донесе управен акт со кој ќе го отфрли поднесокот поради ненадлежност.*

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација своите надлежности ги црпи од Законот за спречување и заштита од дискриминација, па затоа одлучи да не постапува по претставката, како што е наведено во диспозитивот.

Скопје, 09.09.2021

Комисија за спречување и заштита од дискриминација

Претседателка

Весна Бендевска

Доставено до:
1. [redacted] општина Ѓорче Петров
2. Полномошник адвокат [redacted], Скопје

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
Tel: +389 23232368 ; +389 23216892
www.kszd.mk contact@kszd.mk